# 283. СНОШТИ МИНАВ ПОКРАЈ ВАЗИ




Сношти минав покрај вази мило либе,
ти на порти стоеше,
а, ој, умирам либе загинам,
и од теб се не делам.

Јас ти реков добро вече мило либе,
ти на глава ме погледна,
а, ој, умирам, либе загинам,
и од теб се не делам.

Бог да бие твојта мајка мило либе,
што двајцата раздели,
а, ој, умирам, либе загинам,
и од теб се не делам.

Каракаш, Бранко. Антологија на македонски нардони песни. Скопје: Дега, 1995